# „Уредување на излетнички места на Габровски водопади – општина Струмица, Смрдлива вода – општина Гевгелија, Смоларски и Колешински водопади – општина Ново Село, за збогатување на туристичката понуда во Југоисточниот регион“

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ЈУГОИСТОЧЕН РЕГИОН



Југоисточниот регион има изобилство од оригинални природни убавини коишто претставуваат основен потенцијал за развој на туризмот.

Со цел збогатување на туристичката понуда во Југоисточниот регион преку овој проект се предвидува уредување на излетнички места на Габровски водопади – општина Струмица, Смрдлива вода – општина Гевгелија и Смоларски и Колешински водопади – општина Ново Село.

За Габровските водопади се предвидува подобрување на условите за пристап до изворите и престојот кај самите водопади односно со раззеленување и уредување на пристапот околу водопадите во исто време се предвидува и олеснување на пристапот до локацијата на водопадите со моторни возила и автобуси и паркинг простор.

Кај туристичкиот локалитет Смрдлива вода во Гевгелија се предвидуваат изградба на две патеки, еден мал амфитеатар за помали културно-забавни случувања со капацитет од 60 до 70 посетители, како и четири летниковци. Самото партерно уредување на овој простор и збогатувањето со содржини би требало да има за цел привлекување на посетители кои би дошле овде заради забава и рекреација посебно во топлите летни денови.

Исто така со овој проект се предвидува да се реши осветлувањето на Смоларскиот и Колешинскиот водопад, уредување на патеките и оградите, реновирање на дрвените платформи, а се предвидува и поставување на урбана опрема.

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ЈУГОИСТОЧЕН РЕГИОН

## Краток преглед на проектот:

### Носител на проектот:

- Центар за развој на Југоисточниот плански регион

### Проектни партнери:

- Општина Гевгелија
- Општина Ново Село
- Општина Струмица

### Времетраење:

1 година

### Финансиран од:

- Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој

### Цел на проектот:

Уредување на излетнички места на Габровски водопади – општина Струмица, Смрдлива вода – општина Гевгелија и Смоларски и Колешински водопади – општина Ново Село

### Контакт:

Ристо Чивчиев
Ул. Боро Џони Бр. 10
2400 Струмица
Моб. 070/238-949
Тел./Факс 034/ 340-139
E-mail: risto.chivchiev@rdc.mk

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ЈУГОИСТОЧЕН РЕГИОН

АФПЗРР



### Цели на проектот

Уредување на излетнички места:

- Габровски водопади - о. Струмица;
- Смрдлива вода – о. Гевгелија;
- Смоларски и Колешински водопади – о. Ново Село.



### Очекувани резултати

- Уредени излетнички места Габровски водопади - о. Струмица, Смрдлива вода – о. Гевгелија и Смоларски и Колешински водопади – о. Ново Село
- Збогатена туристичка понуда во Југоисточниот регион;
- Зголемен број на туристи.